ECONOMICS BUSINESS

# ЕКОНОМИЈА БИЗНИС

Година X, бр. 114, јули-август 2007 - Списание за теорија и практика



ISSN 1409-6781
9 771409 678008

ECONOMICS BUSINESS

# ЕКОНОМИЈА БИЗНИС

*Во овој број:*

**Интервју со Бранко Азески**
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 6

**Др. Влатко Чинговски**
**Генерален директор на ЕЛЕМ**
ЗЛАТЕН ЈУБИЛЕЈ НА ЕЛЕМ СО КОРПОРАТИВЕН ИДЕНТИТЕТ 10

**М-р Наташа Кралева**
МОЖЕ ЛИ (И ТРЕБА ЛИ) ДА СЕ УПРАВУВААТ ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ? 13

**Д-р Бедри Адеми**
УСПЕШНО МЕНАЏИРАЊЕ НА КОНФЛИКТОТ ВО СЕМЕЈНИОТ БИЗНИС 16

**Елена Станкова**
ЛОНДОНСКИ КЛУБ НА ДОВЕРИТЕЛИ I 19

**Д-р Ѓорѓи Михајловски**
ШТРАЈКОВИТЕ ПОЈАВА КОЈА ОПОМЕНУВА I 22

**Доц. д-р Круме Николоски**
"ТРИПАРТИЗМОТ" ПРЕДИЗВИК ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ЕУ I 25

IN MEMORIAM 29

**М-р Љерка Тот НАумова**
ФИНАНСИСКИ ПАЗАР - БАРОМЕТАР НА ПРОФИТАБИЛНОСТА НА УПОТРЕБАТА НА РЕСУРСИТЕ 30

ПРОМЕНЕТИ УЛОГИ ВО ФИНАНСИСКАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА 34

СТАПИ НА СИЛА ДОГОВОРОТ НА ЦЕФТА 35

ПОЛОТ И ПАРИТЕ 36

БЕРЗАНСКИ БАРОМЕТАР 37

СТАТИСТИЧКО КАТЧЕ 40

БИЗНИСОТ ОВИЕ ДВА МЕСЕЦА 42

**Издавач (Editor):** *"ЕУРО-МАК-КОМПАНИ"доо- Скопје*

**Издавачки совет:** *д-р Глигор Бишев (претседател), Андреа Јосифовски, Благица Новковска, Бранко Азески, Габриела Конеска-Трајковска, Доне Таневски, д-р Драгољуб Арсовски, Живко Јанкуловски, Катерина Даскалова, м-р Петар Гошев, д-р Рубинчо Заревски, д-р Тихомир Јовановски, Трифун Костовски.*

**Редакција (Editorial):** *Проф. д-р Тихомир Јовановски, д-р Андријана Ристеска, д-р Антонија Никифорова, д-р Братислав Милошевиќ, Владимир Павлески, д-р Гордана Трајковска, д-р Гордана Витанова, д-р Гоце Петрески, м-р Даниела Штерѓиска, д-р Димко Кокароски, Драги Аргироски, д-р Живко Атанасовски, м-р Зоран Јовановски, м-р Зоран Ставревски, д-р Ирена Кикеркова, д-р Јован Пејковски, д-р Катерина Илијеска, д-р Љупчо Печијарески, Мира Тодорова, д-р Славица Роческа, д-р Софроние Миладиноски, Стојан Тренчевски, д-р Таки Фити, д-р Тихомир Чепреганов, д-р Трајко Славески.*

**Главен и одговорен уредник (Editor in Chief):** *Проф. д-р Тихомир Јовановски*

**Уредник (Editor):** *М-р Даниела Штерѓиска*

**Секретар (Secretary):** *Билјана Радевска*

**Техничко уредување (Computer and technical processing):** *Еуро-Мак-Компани, Скопје*

**Печати (Printed):** *"ВИНСЕНТ ГРАФИКА" - Скопје*

**Адреса на редакцијата (Publishers address):** *ул. Црвена општина б.б., 1000 Скопје*

**Телефон (Phone):** *3211-915, 3211-864*; **тел/факс (Phone/fax):** *+389 (0)2/3119-218*

**Web:** www.emc.com.mk

**E-mail:** *euromakcompany@hotmail.com, euromakcompany@gmail.com*

**Единствен даночен број (ЕДБ):** МК4030992257114

**Жиро сметка (giro account):** 300000001076348, Комерцијална банка Скопје

**Девизна сметка:** 40100-62016-1625730522-21808, Комерцијална банка Скопје

**Годишна претплата:** *Денарска противредност 70 ЕУР, за европски земји 130 ЕУР, за прекуокеански земји 150 УСД, плус 5% ДДВ.*

Списанието се оданочува со повластена даночна стапка согласно членот 30 од Законот за данок на додадена вредност.

Носител на материјалните права е издавачот. Забранeто е препечатување, копирање и умножување на написите или нивни делови без претходно обезбедена согласност од издавачот.

**Погледите изнесени во објавените статии се на авторите на текстовите и не секогаш ги искажуваат погледите и ставовите на Редакцијата на "Економија и бизнис"**

малку од 10% од вкупното производство.

Во нашата република производството на тутун во 1979 година изнесувало 29.447 тона, додека во 2004 година тоа опаднало на 21.630 тона. Во овој временски интервал забележано е најголемо во 1986 година или 35.020 тона, додека најмало производство во 1996 година или 15.412 тона.

Првата констатација од овие бројки е дека ние не само што сме мала држава туку и нашето производство е мало. А ако е тоа мало, светот може да потроши повеќе наш тутун.

Показателите за светското производство, како и потребата од ориенталските тутуни, група на производи која нас најмногу не интересира, зборуваат дека нашето производство не се движи со таквите трендови во светот. Нашата тактика се карактеризира со постојано отстапување и препуштање на освоените пазари од нас на други држави.

Со споредба на овие показатели може да се види дека може повеќе да се произведе,повеќе да се заработи од оваа земјоделска култура. Таа можност е реална. Реално е и тоа дека не е лесна таа работа. Во ова производство има циклични движења, кои треба со ум да ги следиме и од нив да излегуваме непобедени.

Земјоделскиот производител прв е на потез и тој треба да повлече таков со кој ќе победува. Не можеме да победуваме до колку не се сака производот. До колку тој се смета како ропска култура. Исто така, не можеме да победуваме без најмодерно изведување на сите работи во репродукцијата. Центарот околу кого треба да се вртат споменатите работи се тутунските претпријатија, како и нашата наука.

Зголеменото производство со висок квалитет е вистинското решение за нашите маки.Со таквото решение ќе имаме побогат производител и побогата држава, која ќе може таквиот производител да го крепи со повеќе материјални средства.

***Продолжува***

*Доц. д-р Круме Николоски*



# "ТРИПАРТИЗМОТ" ПРЕДИЗВИК ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ЕУ

***Вовед***

Прашањето за европската интеграција на Република Македонија претставува приоритетен национален интерес. Потврда за ова се податоците од истражувањето на јавното мислење спроведено од страна на Институтот за демократија, солидарност и цивилно општество, во април 2006 година, кои покажуваат дека голем дел од македонската популација смета дека членството во Европската унија ќе значи просперитет и повисок животен стандард.

Република Македонија поднесе барање за членство во Европската унија на 22 март 2004 година. На 17 декември 2005 година Европскиот совет и додели статус земја кандидат за членство во Европската унија. Европската иднина на Република Македонија зависи од развојот на демократијата и од економскиот и социјалниот развој. Демонстрирајќи ја нејзината стратешка определба да биде дел од европското семејство, потребни и се конкретни решенија и резултати кои содржат дефинирани реформски мерки и проекти, во насока на постигнување на економска и социјална сигурност и справедливост. Клучен приоритет во процесот на приближување кон Европската унија е изработка на нова правна институционална рамка која ќе овозможи функционирање на трипартизмот.

***Трипартизам***

Основните проблеми и тенденции во развојот на трипартизмот се поврзани со промените во економската, технолошката, политичката и социјалната сфера, а особено со глобализацијата која претставува реален предизвик на трипартизмот. Како резултат на интернационализацијата и глобализацијата на економијата, "***трипартизмот***" одигра многу важна ролја во процесот на политичките, економските и социјалните промени во земјите со развиено пазарно стопанство, како и во соработката меѓу трудот и капиталот за зачувување на социјалниот мир.

Социјалната глобализација влијае на животот и работата на луѓето, сигурноста, семејната положба, вработеноста и работните услови, доходите, социјалната заштита и врз општеството како целина. Глобализацијата носи и нови потенцијали за развој и создавање на богатство. Затоа денес поделено е мислењето за ефектите од глобализацијата во економскиот и социјалниот живот. Според едни ја влошува невработеноста и сиромаштијата, а според други допринесува за нивно редуцирање. За да биде политички и економски прифатлива таа треба да допринесе за нивно намалување. Решавањето на овие проблеми го овозможува трипартизмот. Иднината на трипартизмот при еднакви услови, ќе зависи од тоа колку е силна политичката волја на државата во барањето и достигнувањето на оптимално решение помеѓу благосостојбата и сиромаштијата во процесот на приближување кон Европската Унија.

Врз основа на Спогодбата за асоцијација и стабилизација со Европската унија потпишана на 09.04.2001 се направија одредени измени во Законот за работни односи. Измените се поврзани со директивите на Европската

унија во функција на операционализација на макроекономската политика како и со Програмата за зголемување на вработеноста со цел доближување на националното законодавство со она на Европската унија.



Но, и покрај повеќе донесените измени и дополнувања во Законот за работни односи во деловите кои се однесуваат на: Начин на засновање на работен однос на определено и неопределено време; Синдикати и работодавци; Плати и надоместоци; Скратено работно време; Распределување на работник; Престанок на работен однос, со отказ поради економски, структурни или технолошки промени; Заштита на правата на работниците; Инспекциски надзор во областа на работните односи; Економско-социјалниот совет; не се постигнаа значителни резултати околу регулирањето и флексибилноста на пазарот на работна сила.

Експертите на Меѓународната организација на трудот оценуваат дека Република Македонија најмалку се ангажирала да воспостави систем на трипартизам и спроведување на трипартитните консултации како услов за економски и социјален развој. Исто така и во извештајот на Европската унија од 2006 година за напредокот на Република Македонија е регистриран дефицит во функционирање на трипартизмот.

Токму поради непостењето на ефикасен механизам на трипартизам и неефикасното социјално партнерство, транзицијата не ги дава очекуваните резултати во остварувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија во делот на реформите кои се однесуваат на Социјалната политика и вработувањето. Конечно денес се прават напори за отворен дијалог помеѓу власта и граѓаните, а тоа ќе допринесе трудот да стане респектиран фактор на општествените реформи, а не тој да биде наполно маргинализиран.

Имајќи го предвид присуството на економските и социјалните проблеми во Република Македонија, би сакал да ја откријам суштината на трипартизмот и мерките што треба да се преземат за негово практикување.

Важно е, дека трипартизмот игра клучна улога во остварување на целите и на Меѓународната организација на трудот, во промоција на можностите мажите и жените да ја обавуваат работата во услови на слобода, еднаквост, сигурност и човечко достоинство.

Трипартизмот ги вклучува сите видови на преговори, консултации или едноставно размена на информации помеѓу претставниците од владата, работодавците и работниците за теми од заеднички интерес поврзани со економската и социјалната политика. Тој може да постои како трипартитен процес со вклучување на владата како официјална страна во трипартитниот дијалог или пак тој може да биде и на бипартиски релации помеѓу трудот и менаџментот, со или без инволвирање на државата. Преговорите можат да бидат неформални или институционализирани, а многу често и комбинација од двете. Тие можат да се одвиваат на национално, регионално или на ниво на претпријатие, а можат да бидат и интерпрофесионални, секторски или комбинирани.

Имајќи го претходно изнесеното во Република Македонија не е утврден принципот на одвивање на трипартитните консултации, негово законско регулирање, а исто така не се утврдени ниту редот и правилата за остварувањето на овој вид соработка.



Со цел обезбедување на социјален мир и надминување на економските и социјалните проблеми, а следејќи го примерот на западно-европските земји, Република Македонија неопходно е да создаде модел на трипартитни консултаци и преговори помеѓу владата, организациите на работодавците и организациите на работниците.

Новата социјална парадигма за конструирање на нашето општество и негово рационално управување бара квалитетни промени во механизмите на социјалната комуникација. Неопходноста во изградбата на уникатен модел на ***"трипартизам"*** е можноста да се создаде едно ново рамниште на општествена дебата, но и промената во квалитетот и функционалната карактеристика на дебатата. Општествената активна комуникација ќе го зголеми степенот на слобода, ќе ги вклучи новите граѓански, економски и социјални права во својот предмет, ќе ја промени главната карактеристика на субјектите, кои ќе бидат влучени во консултациите и соработката.

Изборот на механизмот за спроведување на трипартизмот ќе зависи од традицијата на земјата во областа на колективните работни односи, од законодавството, од економските и социјалните услови, од моделот на управување со економијата, правото, нивото на развој, како и од целите кои се поставени.

Во контекст на ова се поставуваат следниве прашања:

- Какво е законското и подзаконското уредување на индустриските односи во Република Македонија?
- Какви се интересите на субјектите во системот на индустриските односи?
- Каков е соодносот на силите на синдикатите и на работодавците?
- Колку се развиени гранковите структури на работодавците и на синдикатите?
- Колку е централизиран или либерализиран економскиот систем на Република Македонија?

Главната цел на трипартизмот во едно демократско опкружување е промоција, градење и постигнување на согласност помеѓу субјектите во трипартитните процеси. Успешната структура на трипартизмот има потенцијал да најде решение за главните економски и социјални прашања, да го охрабри доброто раководење, напредокот во социјалниот и индустрискиот мир и пред се да овозможи стабилност во економските процеси. Огромна е улогата на државата да даде водечки придонес во реализација на трипартизмот и нејзината

цврста определба да биде дел од Европа.

***Перспективи***

Перспективите за афирмација на нов правен механизам на трипартизмот треба да се бараат првенствено во отстранувањето на присутните проблеми регистрирани во оваа сфера. Во таа насока претстојат сериозни обврски. Државата треба да ја прифати основната задача, а



таа се однесува на обезбедување баланс помеѓу очигледно спротивставените интереси на капиталот и трудот, каде што трудот неминовно треба да се третира како фактор на реформите за да може тие успешно да се спроведуваат.

Република Македонија која што се стреми кон современо демократско општество треба да се развива во основата на трипартизмот доколку го следи примерот на земјите од Западна Европа. Сакам да потенцирам дека трипартизмот е современ и ефикасен модел за решавање на социјалните конфликти во услови на негово практикување. Во таа смисла од аспект на моите научни истражувања во областа на трипартитните процеси, перспективите се однесуваат на:

- Потребата од создавање на закон проект за Економско-социјален совет кој ќе се базира врз принципот на организирано граѓанско општество и негово неминовно институционализирање;
- Државата со закон да учествува во дефинирање на нејзината позиција за регулирање на работните и осигурителните односи, а во соработка и претходни консултации со претставници на организациите на работниците и организациите на работодавците;
- Создавање на национален систем на трипартизам, како и правила, критериуми и начин на работа за негово инстиуционално профункционирање;
- Процедурите коишто ќе ги определуваат условите за признавање на организациите на работодавците и на организациите на работниците како претставници на национално ниво во трипартитниот систем;
- Постоење на стабилна институција која ќе биде темел на континуиран трипартитен дијалог меѓу социјалните партнери што ќе претставува огромен интерес на државата.

Република Македонија треба да го прифати предизвикот за развој и усовршување на трипартизмот, а за таа цел неопходно е да се создаде поволен политички, економски и социјален амбиент на база на разработка на соодветни законски и нормативни акти.

Во услови кога се случуваат општествено-економски транзициони процеси и воведување на пазарен начин на стопанисување *"трипартизмот"* ќе ни биде од исклучителна полза.

Од друга страна, добро е усовршувањето на трипартизмот да се темели и поврзува со името и дејноста на Меѓународната организација на трудот, како и почитување на соодветните конвенции и препораки.

Во процесот на развој на трипартизмот треба да бидат искористени искуствата и достигнувањата на економско развиените земји, како и искуствата од земјите од Балканскиот регион.

Со преземањето на сите мерки за интегрално воспоставување на новиот развоен концепт, конечно сите субјекти учесници во системот на индустриските односи заеднички ќе учествуваат во неговата изградба.

Визијата е, ваквиот потез од страна на државата и прифаќање на ваква правна форма на *"трипартизам"* ќе биде чекор кон нов развоен циклус со кои ќе ја предводи новата етапа во развојот на националниот и културниот живот, во почетокот на градење на вистински систем на вредности.


**SUMMARY**

The basic problems and tendentions in development of tripartism are related with the changes in the economic, technological, political and social sphere, especially with globalization that is real challenge of tripatism. The future of the tripartism at equal conditions will depend on how strong the state political will is for finding and reaching an optimal solution between the wellbeing and poverty.

In order to provide social peace and to overcome the economic and social problems, by following the example of Western European Countries, for Macedonia it is necessary to create a new model of tripartism consultations and negotiations between the government, employer's organizations and employee's organizations.

Macedonia which strives towards modern democratic society ought to develop on the base of tripartism, only if it follows the example of the countries in Western Europe. I would like to stress that tripartisam is modern and efficient model for social solving conflicts in conditions of it's practicing.

From my science research point of view in the field of tripartisam process, the perspectives are referring to the following:

→ Necessity of creating law project for European Social Council that will be based on the principal of organized civil society and it's instutualizations

→ In order to regulate the working and insurance relations, the state has to participate in defining it's positions in cooperation and previous consultations with the representatives of the employer's organizations and employee's organizations

→ Creating national system of tripartisam , as well as rules, criteria and ways of work for it's institutional functioning

→ Procedures that will determine the conditions for recognizing employer's organizations and employee's organizations as representatives on national level of tripartisam system

→ Existence of a stable institution that will be foundation of continuously tripartisam dialogue between social partners and it will be in huge interest for the country in the step towards the EU.

Republic of Macedonia ought to accept the challenge for development and upgrading tripartisam, and for it, it is necessary to create favorable political, economical and social ambient that will base on adequate law and normative acts.